## 3.16 Менаџирање со верига на набавки

| Прилог бр.3.16 | | Предметна програма од прв циклус на студии | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | МЕНАЏИРАЊЕ СО ВЕРИГА НА НАБАВКИ | | | |
| 2. | Код | БАС-11МВН | | | |
| 3. | Студиска програма | Бизнис менаџмент, Маркетинг менаџмент, Менаџмент на квалитет | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | Бизнис академија Смилевски – БАС | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Прв | | | |
| 6. | Академска година / семестар | Година | 3 | семестар | 5 |
| 7 | Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити | 7 | | | |
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник) | Проф. д-р Тони Соклевски<br>Виш пред. м-р Иван Ѓорѓиевски | | | |
| 9. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски јазик | | | |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | Положен предметот Основи на оперативен менаџмент | | | |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето: | Цели на предметната програма (компетенции):<br>• Препознавање и разбирање на веригата на набавки;<br>• Дизајнирање и менаџирање со веригата на набавки;<br>• Менаџирање со материјалните, информациските и финансиските текови во организациите;<br>• Дизајнирање на стратегиите за логистика:<br>• Имплементирање на логистичките планови и стратегии;<br>• Менаџирање со физичката диструбуција;<br>• Менаџирање со залихите;<br>• Софтверски решенија за работа со верига на набавки;<br><br>Резултати од учењето:<br>• По успешното завршување на предметот, студентите ќе бидат способни да:<br>• Менаџираат со веригата на набавки во различни видови на организации.<br>• Да реализираат логистички планови<br>• Да менаџираат со физилката дистрибуција<br>• Да менаџираат со залихите | | | |
| 12. | Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје | Поглавје 1: Поим за верига на снабдување<br>1.1 Поим и потреба за верига на снабдување<br>1.2 Пред појавата на верига на снабдување<br><br>Резултати од учењето:<br>По завршување на ова поглавје, студентите ќе бидат способни да го објаснат поимот на синџир на снабдување и неговата улога во современото деловно работење. Ќе развијат свест за трансформацијата на традиционалните процеси во интегрирани синџири, како и за значењето на поврзаноста и координацијата меѓу различните учесници во системот на снабдување. | | | |

| | | |
|---|---|---|
| | | Поглавје 2: Транспорт - видови транспортери и транспортни мрежи<br>2.1 Основни видови на транспорт<br>2.2 Транспортни мрежи<br><br>Резултати од учењето: Студентите ќе стекнат разбирање за различните видови на транспорт (копнен, воден, воздушен и железнички), нивните карактеристики и соодветна примена. Исто така, ќе научат како се изградени транспортните мрежи и на кој начин тие влијаат врз ефикасноста на синџирот на снабдување.<br><br>Поглавје 3: Менаџмент на залихи<br>3.1 Поим за менаџирање со залихи<br>3.2 Колку залихи ни требаат?<br>3.3 Кога да се порача залиха?<br>3.4 Модели на менаџмент со залихи<br>3.5 Магацини и фактори на влијание при изборот на магацин<br><br>Резултати од учењето: По завршување на ова поглавје, студентите ќе бидат способни да објаснат како функционира менаџментот на залихи, да пресметаат оптимални нивоа на залихи и да одредат соодветно време за нарачка. Ќе се запознаат со различни модели на управување со залихи и факторите што влијаат при изборот на соодветен магацин.<br><br>Поглавје 4: Логистичка мрежа<br>4.1 Облик и вид на логистичката мрежа на снабдување<br>4.2 Капацитети: колку и каде?<br><br>Резултати од учењето: Студентите ќе научат како да ја идентификуваат и дизајнираат логистичката мрежа на еден снабдувачки систем. Ќе бидат способни да направат анализа на потребните капацитети, да определат нивна соодветна локација и да разберат како обликот на мрежата влијае врз целокупната ефикасност на логистиката.<br><br>Поглавје 5: Оперативен менаџмент во веригата на набавки<br>5.1 Операции во мрежата на снабдување<br>5.2 Што претставува менаџментот со операции во мрежата на снабдување?<br>5.3 Оперативни (изведбени) цели<br><br>Резултати од учењето: По ова поглавје, студентите ќе можат да ја опишат природата на секојдневните операции во снабдувачкиот синџир и да ги идентификуваат клучните процеси и задачи во мрежата. Ќе развијат способност да разликуваат оперативни цели и да ги применат концептите на менаџмент со операции во контекст на синџирот на набавки.<br><br>Поглавје 6: Оптимизација на операциите<br>6.1 Lean операции<br>6.2 Теорија на ограничувања |

| | | |
|---|---|---|
| | | Резултати од учењето: Студентите ќе стекнат познавање за Lean пристапот и за алатките кои се користат за елиминација на загуби и подобрување на текот на процесите. Ќе научат и како се применува Теоријата на ограничувања за да се детектираат и елиминираат тесни грла во синџирот на снабдување.<br><br>Поглавје 7: Одлуки за вертикална интеграција<br>7.1 Да се направи или да се купи?<br>7.2 Аутсорсинг: Поим и потреба<br>7.3 Заштита на квалитет<br>7.4 Интеграција на мрежата<br><br>Резултати од учењето: Студентите ќе научат да ги анализираат предностите и ризиците поврзани со одлуките дали да се произведува или купува од надворешни извори. Ќе разберат кога и зошто се применува аутсорсинг, како се управува со квалитетот во екстернализирани процеси, и како вертикалната интеграција придонесува за стратешка координација во мрежата на снабдување. |
| 13 | Заемна поврзаност на предметите | Основи на менаџмент, Основи на оперативен менаџмент |
| 14. | Детален опис на наставните и работните методи за предметот | Наставата се реализира преку комбинација на интерактивни предавања, практични вежби, студии на случај и индивидуална и групна работа, со цел да се овозможи сеопфатно разбирање на современите концепти и практики<br>Предавањата се организираат во форма на интерактивна настава каде што студентите се активно вклучени преку дискусии, прашања и мултимедијални презентации. Овој метод овозможува стекнување на теоретски знаења, но и нивна примена преку анализа на актуелни предизвици во областа.<br>Практичните вежби имаат за цел да ги зајакнат компетенциите на студентите преку симулации, решавање на конкретни задачи и примена на концептите во реални работни сценарија. Преку индивидуални и тимски активности, студентите развиваат аналитички и истражувачки способности, како и практични вештини за подобрување на конкурентноста на компаниите од каде доаѓаат.<br>Студиите на случај се користат како алатка за подобро разбирање на менаџерските предизвици во реалниот сектор. Преку анализирање на конкретни примери од деловната пракса, студентите развиваат критичко размислување и учат како да ги применат стекнатите знаења за идентификување и решавање на проблемите во областа на менаџирањето со веригата на набавки.<br>Индивидуалната и групната работа се важен дел од наставниот процес, бидејќи поттикнуваат активно учење, соработка и комуникациски вештини. Студентите имаат можност да работат на самостојни истражувања, како и да презентираат решенија за конкретни предизвици<br>Со примена на овие наставни и работни методи, студентите се стекнуваат со применливо знаење, критичко размислување и практични вештини потребни за менаџирањето со верига на набавки. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 15. | Вкупен расположив фонд на време | 189 часови | | |
| 16. | Форми на наставните активности | 16.1. | Предавања- теоретска настава. часови | 24 часа |
| | | 16.2. | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови | 24 часа |
| | | 16.3. | Пракса: часови | |
| 17. | Други форми на активности | 17.1. | Проектни задачи: часови | 24 часа |
| | | 17.2. | Самостојни задачи: часови | 52 часа |
| | | 17.3. | Домашно учење - задачи | 65 часа |
| 18 | Услови за потпис | 16.1, 16.2 и 17.1 | | |
| 19 | Начин на оценување | | | |
| | 19.1. | Тестови: бодови | | 50 |
| | 19.2. | Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови | | 20 |
| | 19.3. | Присуство и активност | | 30 |
| 20 | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | до 50 бода | 5 (пет) (F) | |
| | | 51 x до 60 бода | 6 (шест) (E) | |
| | | 61 x до 70 бода | 7 (седум) (D) | |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) | |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) | |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) | |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | Квалитетот на наставата се следи преку неколку механизми:<br>**Евалвации од студентите**: Редовно спроведување на евалвации за оценување на наставниот процес, со фокус на содржината на предметот, методите на предавање, комуникацијата со студентите и јасноста на наставниот материјал.<br>**Самоевалвација на наставниците**: Наставниците вршат самооценка на своето предавање, оценувајќи ги своите методи на наставата, нивната ефективност и областите за подобрување.<br>**Набљудување на наставата**: Редовно набљудување на часовите од страна на колеги или менаџери за квалитет, со цел да се оценат методите на предавање и интеракцијата со студентите.<br>**Постигнување на образовни цели и резултати**: Анализа на академските резултати на студентите, како и нивните вештини и способности што ги стекнале, во контекст на учењето.<br>**Меѓународни акредитации и стандарди**: Применување на меѓународни стандарди за квалитет во образованието и вршење на редовни проверки преку акредитации и оценки од надлежни институции | | |
| 22. | Литература | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Ѓорѓиевски И., Соклевски Т. | Менаџирање со веригата на набавки, Компендиум | БАС, Скопје | 2023 |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Hokey M. | The Essentials of Supply Chain Management: New Business Concepts and Applications | Paul Boger | 2015 |
| | | 2. | Чејс Р. Б., Џајкобс Р. Ф., Аквилано Н. Ј. | Оперативен менаџмент: за конкурентска предност | Ars Lamina | 2011 |
| | | 3. | | | | |